# Информација за сметки на ЈЗУ

Со измените на Законот за здравствено осигурување и Законот за платен промет сите сметки на јавните здравствени установи во деловните банки треба да се затворат заклучно со 31 декември 2010 година.

Тоа значи дека од 3-ти до 5-ти јануари 2011 година треба да се пренесат паричните средства кои јавните здравствени установи ги имаат во деловните банки на нивните сметки за **сопствени приходи** во Здравствената трезорска сметка и тоа:

На образец ПП 50 во полето назив на примач треба да стои – Здравствена трезорска сметка, сметка – 100000000066005. Сметка на буџетски корисник – сметката на соодветната јавна здравствена установа или ако се работи за донации - сметката за донации.
Приходно конто 741114 или 725939 програма 00, а за донации 742119 програма 00.